## УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО/ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Lioton 1000** гел, хепарин 1000 и.е., туба со 20 г, 30 г, 50 г и 100 г гел

***Пред употреба внимателно прочитајте го ова упатство !***

*Сочувај те го упатството. Можеби ќе посакате повторно да го прочитате.*
*Ако имате дополнителни прашања, обратете се на лекарот или фармацевтот.*
*Овој лек е препишан лично за Вас и не смеете да го давате на друг. На другиот ,овој лек може да му наштети дури иако има знаци на болеста слични на Вашата.*
*Доколку некој од несаканите ефекти стане сериозен или ако забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот лекар или фармацевт.*

Во ова упатство можете да прочитате

1. Што е **Lioton 1000 Gel** и за што се користи?
2. Што треба да знаете пред употреба на **Lioton 1000 Gel**?
3. Како треба да се употребува **Lioton 1000 Gel**?
4. Можни несакани ефекти
5. Како треба да се чува **Lioton 1000 Gel**?
6. Дополнителни информации

### ШТО Е LIOTON 1000 GEL И КОЈА Е НЕГОВАТА НАМЕНА?

**Lioton 1000 Gel** е препарат од хепарин, во облик на гел за надворешна употреба.
Состав: 100 гр **Lioton 1000** гел содржи 100.000 и.е. хепарин

Помошни супстанции: Карбомер 940; метилпарабен; пропилпарабен; нерол есенција (масло од цвет од портокал); етанол; етерично масло од лаванда; триетаноламин; дестилирана вода
Пакување: туба од 20 г; туба од 30 г; туба од 50 г; и туба од 100 г гел.
Мека алуминиумска туба, одвнатре обложена со епоксидна облога со полиетиленско / поли-пропиленско капаче на навртување.

### КАКО ДЕЛУВА ЛЕКОТ LIOTON 1000 GEL

Lioton 1000 Gel е препарат кој содржи хепарин и има форма на гел за надворешна употреба. Се употребува самостојно или во комбинација со системска терапија во лекување на болните, воспалителни или трауматски состојби каде што делува против излевање на течноста во поткожните ткива, против создавање на отоци, против згрутчување на крвта и против создавање на инфилтрати.
Поради тоа Lioton 1000 гелот има широка примена, воглавно кај воспаление на вените што припаѓа во доменот на интерната медицина и хирургијата на крвните садовии во трауматологијата – ортопедијата.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## КОГА СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ LIOTON 1000 GEL

Lioton 1000 гелот се употребува за лекување на површински вени, како што се симптомите на проширени вени и нивните компликации, затнување на вените со коагулум, воспалување на вените со тромбоза, воспалување околу површинските вени, варикозни улкуси. Постоперативно воспалување на проширените вени, последици од опертивен зафат на вена сафена.

Повреди и нагмечувања, инфилтрати и локални едеми, поткожни хематоми (модринки). Повреди и истегнувања на тетиивите на мускулите и лигаментите на зглобовите

## ШТО МОРАТЕ ДА ПРОЧИТАТЕ ПРЕД УПОТРЕБАТА НА ЛЕКОТ?

Информирајте го Вашиот лекар доколку земате други лекови, имате некоја хронична болест, пореметување на метаболизмот, пречувствителни сте на некои лекови или сте имале алергиски реакции на некои од нив.

## КОГА НЕ СМЕЕТЕ ДА ГО ЗЕМАТЕ ОВОЈ ЛЕК?

Lioton 1000 гелот не смее да се употребува при позната пречувствителност на хепарин или некоја од помошните состојки.

## ПРЕДУПРЕДУВАЊА И МЕРКИ НА ВНИМАТЕЛНОСТ

Треба внимателно да се оцени оправданоста од употребата на Lioton 1000 гелот доколку постои крварење.
Lioton 1000 гелот не треба да се употребува во услови на крварења, отворени рани или мукози, ниту на инфицирани места во случај на гнојни процеси.
Lioton 1000 гелот, како помошни материи содржи метилпарабен и пропилпарабен и не смее да се употребува кај пациенти со алергија на парабени.

## УПОТРЕБА НА ДРУГИ ЛЕКОВИ

*Ве молиме, информирајте го Вашиот лекар или фармацевт доколку употребувате или неодамна сте употребувале некои други лекови, вклучително и лекови кои можат да се набават без лекарски рецепт.*

Употребата на хепарин може додатно да го продолжи протромбинското време кај пациенти кои употребуваат орални антикоагуланти.

## ПРИМЕНА ПРИ БРЕМЕНОСТ И ДОЕЊЕ

*Пред да почнете да го земате овој лек, посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.*
Нема посебни податоци за употребата на овој лек во периодот на бременост и доење.

## ВЛИЈАНИЕ НА ЛЕКОТ НА ПСИХОФИЗИЧКИТЕ СПОСОБНОСТИ ПРИ УПРАВУВАЊЕ СО МОТОРНИ ВОЗИЛА И МАШИНИ

Lioton 1000 гелот не ја намалува концентрацијата и поради тоа не влијае на способноста за управување со моторни возила и машини.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

## КАКО СЕ УПОТРЕБУВА ЛЕКОТ LIOTON 1000 GEL

*Употребувајте го лекот во согласност со ова упатство, освен доколку Вашиот лекар не Ве посоветувал поинаку. Вашиот лекар ќе Ве посоветува колку долго да го користите*

*лекот Lioton 1000 Gel. Доколку мислите дека Lioton 1000 гелот делува премногу слабо или јако на Вашиот организам, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
Гелот се нанесува еднаш до три пати дневно, во тенок слој со должина 3-10 см, со благо масирање на зафатеното подрачје. Поради ограничено искуствои врз основа на достапните податоци, гелот не треба да се употребува кај деца.

**ДОКОЛКУ УПОТРЕБИТЕ ПОГОЛЕМА КОЛИЧИНА LIOTON 1000 GEL ОД ПОТРЕБНАТА**
Не е забележана појава на предозирање. Во случај на предозирање, ефектот на хепаринот може да се неутрализира со протамин сулфат.

**НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ**
Lioton 1000 гелот има добра локална и општа толерантност.
Алергиските реакции на хепаринот при негово нанесување на кожата се многу ретки, меѓутоа во изолирани случаи можат да се појават хиперсензитивни реакции, како црвенило на кожата и свраб, кои се повлекуваат брзо по прекинот на употребата на лекот.

**ЧУВАЊЕ НА LIOTON 1000 GEL**

Да не се чува на температура над 25 °C.

Да се чува вон дофат на деца.

**РОК НА УПОТРЕБА**

Рокот на употреба е 5 години.

После првото отварање рокот на употреба на лекот е 6 месеци

Лековите не треба да се употребуваат по истекот на рокот на траење

100 гр **LIOTON** 1000 гел содржи 100.000 и.е. хепарин
Помошни супстанции: Карбомер 940; метилпарабен; пропилпарабен; нерол есенција (масло од цвет од портокал); етанол; етерично масло од лаванда; триетаноламин; дестилирана вода
Пакување: туба од 20 г; туба од 30 г; туба од 50 г; и туба од 100 г гел.
Мека алуминиумска туба, одвнатре обложена со епоксидна облога со полиетиленско / полипропиленско капаче на навртување.

**НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕКОТ**

Лекот се издава без лекарски рецепт!

**ПОСЕБНИ МЕРКИ НА УНИШТУВАЊЕ НА НЕУПОТРЕБЕНИОТ ЛЕК**

Нема
**ДАТУМ НА ПОСЛЕДНАТА РЕВИЗИЈА НА ТЕКСТОТ ОД УПАТСТВОТО**
Име и адреса на производителот: A. Menarini Manufacturing Logistics and Services S.r.L. Via Sette Santi 3, 50131 Florence, Италија
Подносител на барање и застапник за Р.Македонија: Berlin-Chemie AG (Menarini Group) претставувана од Септима дооел, Сава Ковачевиќ 13, бр. 9, 1000 Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ